UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

**Развивање на инструменти за следење на судски и институции за спроведување на законот во земјите од Западниот Балкан
2009-2011**

# ПРОГРАМСКИ НАСОКИ

## Поранешна Југословенска Република Македонија

TRANSCRIME heuni ICMPD

Регионална акциона програма на КАРДС

Финансирано од Европската Комисија

**Јуни 2010**

**Појаснувања**

Овој Извештај не е формално уреден.

Содржината на оваа публикација не ги одразува неопходно и ставовите или политиките на УНОДЦ или на организациите кои дадоа придонес, ниту пак подразбира нејзино прифаќање. Применетите ознаки и претставувањето на материјалите во оваа публикација не подразбираат изразување на какво било мислење од страна на УНОДЦ во однос на правниот статус на која било земја, територија или град, или на нивните власти, ниту во однос на одредување на нивните граници.

Коментарите за овој извештај се добредојдени и може да се испратат на:
Statistics and Survey Section
United Nations Office on Drugs and Crime
PO Box 500
1400 Виена
Австрија
Тел: (+43) 1 26060 5475
Факс: (+43) 1 26060 7 5475
Е-пошта: sass.crime@unodc.org
Веб-локација : www.unodc.org

**Благодарност**

УНОДЦ сака да и се заблагодари на Европската Комисија за финансиската поддршка дадена за подготвувањето и објавувањето на овој извештај во рамките на Регионалната програма КАРДС 2006.

Овој извештај е подготвен под одговорност на Одделот за статистика и истражувања (SASS) и Регионалната канцеларија на програмата за Југоисточна Европа (RPOSEE) при Канцеларијата на Обединетите нации за droги и криминал (УНОДЦ) врз основа на истражувањето спроведено во текот на мисијата во Поранешната Југословенска Република Македонија во јануари 2010 година од страна на Заедничкиот истражувачки центар за транснационален криминал (TRANSCRIME).

**Локална мисија за истражување и организација на истражувањето:**
Бистра Неткова (локална фокусна точка)

**Координација на истражувањето и подготовка на извештајот:**

TRANSCRIME: Барбара Ветори (истражување и изработка)
Ернесто Савона (координација на истражувањето)

УНОДЦ: Мајкл Јандл (уредник на извештајот)
Стивен Малби (координација на истражувањето)
Ана Алваци дел Фрате (координација на истражувањето)
Карла Чаварела (управување на проектот)
Анџела Ме (управување на проектот)

# Програмски насоки
# Поранешна Југословенска Република Македонија



1

## 1. Вовед и историјат

Овие програмски насоки се напишани во контекст на проектот „Развивање на инструменти за следење на судски и институции за спроведување на законот во Западниот Балкан“ финансиран од Регионалната акциона програма КАРДС при Европската унија. Тие даваат збир од препораки за подобрување на статистичките системи за кривични дела и кривично право како и за миграција, азил и визи.

Овде дадените насоки се изготвени врз основа на Техничкиот извештај за процена (ТИП) за Поранешната Југословенска Република Македонија[1] (УНОДЦ, април 2010 година) и треба да се читаат заедно со тој извештај. Во ТИП се дадени информации собрани во текот на мисијата за теренско истражување во ПЈРМ од 25 до 29 јануари 2010 година, која беше спроведена во блиска соработка со локалните партнери и партнерите од областа на статистиката за правосудство и внатрешни работи (ПВР).[2]

Како и во Техничкиот извештајот за процена, овде дадените препораки се презентирани од институција и мора да се читаат во однос на релевантните меѓународни и ЕУ-стандарди за собирање, анализа и користење на статистиката за ПВР. Постепеното или внимателното усвојување и спроведување на овие насоки се основен чекор кон усогласување на постојните национални статистички механизми со релевантното меѓународно и ЕУ-*законодавство*, стандарди и најдобри практики.

За да им помогне на земјите и териториите-кориснички во постигнување на оваа цел, проектот „Развивање инструменти за следење на судски и институции за спроведување на законот во Западниот Балкан“ предвидува одреден број проектни активности. Задачите кои веќе се завршени вклучуваат прва студија со канцелариско истражување насловена „Основно истражување на системите и контекстот. Правосудна и статистика за внатрешни работи во Западниот Балкан“ и втора студија под наслов „Развивање стандарди во статистиката за кривични дела и кривично право - меѓународно и законодавство на ЕУ“, како и деталните Технички извештаи за процена споменати погоре. Понатамошните проектни активности ќе опфатат развивање регионални индикатори (показатели) и насочена обука и градење капацитети во областа на собирањето податоци и статистика за правосудните и институциите за внатрешни работи.

[1] Поранешна Југословенска Република Македонија е име на земјата под кое таа е примена во Обединетите нации во 1993 година. Низ целиот овој извештај за земјата се користи името Поранешна Југословенска Република Македонија или ПЈРМ.

[2] Истражувачката мисија беше спроведена од Заедничкиот истражувачки центар за транснационален криминал (TRANSCRIME) и поддржана од локалната фокусна точка на УНОДЦ, како и од претставникот на Советодавната координативна група на проектот, г-ѓа Елена Христоска, експерт од Министерството за правда.

Следниве насоки систематски укажуваат на потенцијални области за подобрување, што претставува значаен излезен резултат од проектот. Тие треба дополнително да помогнат во поставувањето приоритети кај потребите за обука што треба да се опфатат во проектот, како и во програмирањето понатамошна техничка помош и активности на обука кои може да бидат опфатени од други проекти за техничка помош, како и во посочувањето области за понатамошно развивање статистички системи на среден и долг рок.

# 2. Статистика за кривични дела и кривично право

## 2.1. Полициска статистика

### 2.1.1. Вовед

Следниве насоки се однесуваат главно на статистиката за кривични дела што ја води полицијата.

### 2.1.2. Влез на податоци (евидентирање на кривични дела)

Доколку постои доволен основ за верување дека се случило кривично дело (од познат или непознат сторител), кривичниот инцидент се евидентира во кривичниот регистар на полициската станица.

Истовремено се подготвува пријава за кривичното дело (кривично обвинение) до обвинителот, а полицискиот инспектор ги пополнува релевантните статистички обрасци (КРИМ 1, КРИМ 2 и КРИМ 3). Овие обрасци го сочинуваат системот заснован на перфорирани картички кој содржи детали за секој поединечен инцидент, осомничено лице и жртва.

Полициското евидентирање на осомничени сторители и жртви на кривичното дело е доста сеопфатно, но не вклучува детали за етничката припадност и односот помеѓу престапникот и жртвата.

Во кривичниот регистар (КУ), на секој случај му се доделува единствен „број на инцидент", но не се користи од другите институции во кривичното право. Мегутоа тој број му е познат на обвинителството.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 1. | Информациите евидентирани во кривичниот регистар и во статистичките обрасци (КРИМ 1, 2 и 3) треба да се надополнат со записи за односот помеѓу престапникот и жртвата и, доколку е достапно, со записи за етничката припадност. | Полиција |
| 2. | Во согласност со добрата практика опишана во Прирачникот на Обединетите нации за развивање систем на статистика за кривично право, може да се земе предвид воведување на интегриран број на досие (ИБД) (IFN) за лоцирање на лицата и случаите низ целиот систем на кривично право. Како и кај препораките бр.9 и бр. 20, трипартитна работна група со експерти од полицијата, обвинителството и судските системи може да разгледа дали и како може да се воведе ИБД-систем и истиот да се прошири на сите институции за кривично право. | Полиција<br>Обвинителство<br>Судови |

### 2.1.3. Проток на податоци

Откако случајот ќе се внесе во кривичниот регистар, се внесуваат подетаљни информации за случајот врз основа на целосна кривична пријава подготвена од полицискиот инспектор во он-лајн базата на податоци, SAUB (или HOST)-системот.

Бидејќи актуелниот компјутеризиран систем за евидентирање на податоци (HOST база на податоци) е веќе неколку години стар, тој е и предизвик да се користи за внесување податоци, за начини на пребарување, за печатење[3], пренос на податоци, нивна анализа и претставување.

И покрај постоењето на детаљни правила за евидентирање и броење на кривичните инциденти, осомничените лица и жртвите, се чини дека во секојдневната полициска практика, правилата за евидентирање и броење на повеќекратните престапи и осомничени лица не се толку добро познати и воспоставени во сите полициски станици.

Врз основа на податоците кои постојано се поднесуваат, Секторот за документација, аналитика и истражување при МВР подготвува збирни статистички извештаи на секои три месеци (месеци 3/6/9/12). Овие статистики вклучуваат и поделба според видот на престапот и се расчленети до општинско ниво.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 3. | Потребно е да се разработат јасни постапки и правила на броење за евидентирање на поединечни престапи и осомничени лица во јасно дефинирани правила за броење кои ќе се применуваат во случаи на повеќекратни престапи и осомничени лица. За статистички цели, може да се земе предвид усвојување на „правилото на Главен престап (прекршок)“ за статистика заснована на лица сторители и жртви( а може и за бројот на престапи). | Министерство за внатрешни работи<br>Сектор за документација, аналитика и истражување |
| 4. | Треба да се поделат насоки и пишани правила до сите вработени кои ракуваат со податоци и да им се овозможи обука на сите надлежни вработени за имплементација на тие насоки и правила во кривичното евидентирање и броење. | Министерство за внатрешни работи |
| 5. | Министерството за внатрешни работи би можело да размисли за издавање на физибилити студија за различните достапни опции на осовременување на актуелниот он-лајн информатички систем на собирање податоци за кривични дела. Оваа физибилити студија треба да ги земе предвид внатрешните потреби за податоци и условите за меѓународно известување и да ги разгледа моделите на најдобра практика за компјутеризирани системи на собирање податоци за кривични дела во регионот и пошироко. Избраниот систем треба да биде економичен, лесен за користење и доволно флексибилен за да ги задоволи барањата за дополнителни податоци. | Министерство за внатрешни работи<br>Сектор за документација, аналитика и истражување,<br>Сектор за информатика и телекомуникации |

[3] На пример, за печатење табели, вработените во Одделот за статистика на МВР имаат потреба од помош од техничар.

### 2.1.4. Излезен резултат (изработка на статистика)

Секторот за документација, аналитика и истражување[4] при МВР врши само многу основна статистичка анализа на примените податоци и изработува табели со апсолутни бројки и проценти. За внатрешни цели Одделот подготвува извештај „Преглед“ на секои три месеци и годишен извештај исто така насловен „Преглед“, во кој се известува за бројот на пријавени престапи и престапници и нивните годишни варијации во проценти во форма на табели и графикони. Ова се поднесува како Годишен извештај до Парламентот.

Сепак, најдостапните податоци за кривични дела не се циркулираат ниту се издаваат, туку се користат само внатрешно. Не постојат податоци за кривични дела кои систематски се шират преку интернет или преку други средства за масовна комуникација иако се планира по март 2010 година да се објават посеопфатни студии вклучително и статистика за кривични дела на веб-страницата на МВР.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 6. | Се препорачува да се воспостави редовно известување за јавноста во однос на детаљни податоци за престапи евидентирани од полицијата, престапници и жртви на криминал во форма на стандардни табели во годишна статистичка публикација, како и во поглед на иницијативи за меѓународно известување (Истражување на Еуростат и Обединетите нации за криминалните трендови и работењето на системите за кривично право). Треба да се земе предвид користењето на Интернет за широко распространување на статистиката за кривични дела.[5] | Министерство за внатрешни работи Сектор за документација, аналитика и истражување |
| 7. | Пријавената статистика за кривични престапи треба да биде класифицирана според видот на престапот; статистиката за престапниците треба да се класифицира според видот на престапот, возраста, полот и државјанството, а статистиката за жртвите на престапот треба да се класифицира според видот на престапот, возраста, полот, државјанството и односот жртва-престапник. Објавените статистички извештаи треба да бидат придружени со детаљни толкувања на статистичките шеми и трендови како и со детаљни мета-податоци. | Министерство за внатрешни работи Сектор за документација, аналитика и истражување |

[4] Во моментов, три лица работат во овој Оддел за статистика на МВР. Тие немаат некоја специјализирана обука за статистика и анализа на кривични дела. Исто така, не постои обука на локално ниво за внесување на податоците и за локалното користење на податоците за кривични дела.

[5] Табели за кривични дела и сообракајни прекршоци за последните 10 години се изготвуваат и е планирано да се објават на веб.

## 2.2. Статистика на обвинителството

### 2.2.1. Вовед

Следниве насоки се однесуваат главно на статистиката на обвинителството.

### 2.2.2. Влез на податоци (евидентирање на кривични дела)

Откако обвинителството ќе го добие и ќе го евидентира кривичното обвинение, случајот му се доделува на конкретен обвинител и рачно се регистрира во еден од четирите различни обвинителни (кривични) регистри на хартија.

Во Кривичниот регистар за познати престапници се евидентираат најдетаљни информации за случајот, вклучувајќи податоци за кривичниот престап, лични податоци за престапникот и оштетеното лице  како и одлуката од прв и втор степен.

Единствен идентификационен број му се доделува на секој евидентиран случај во кривичниот регистар, кој не им се дава на другите актери во кривичното право (полицијата и судовите).

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 8. | Може да се ревидира образецот на кривичниот регистар за евидентирање податоци на лица кои се кривично гонети. Особено, треба да се посвети внимание на додавање полиња за внесување на дополнителни податоци за да се забележат личните податоци за возраста, полот, етничката припадност, односот на престапникот и  жртвата, државјанството и географската област на престој за сите престапници. Истото ниво на детали треба да се евидентира за жртвите на кривичното дело (оштетените лица). | Јавно обвинителство |
| 9. | Во согласност со добрата практика опишана во Прирачникот на Обединетите нации за развивање систем за статистика на кривичното право, може да се земе предвид воведување на интегриран број на досие (ИБД) за лоцирање на лица и случаи низ целиот систем на кривично право. Според препораките бр.2 и бр.20, трипартитната работна група со експерти од полицијата, обвинителството и судските системи може да разгледа дали и како може да се воведе ИБД систем и тој да се прошири на сите институции за кривично право. | Влада на ПЈРМ<br>Јавно обвинителство<br>Полиција<br>Судови<br>(Министерство за правда) |

### 2.2.3. Проток на податоци

Во однос на внатрешниот систем за собирање податоци на Јавното обвинителство, сите статистички податоци се собираат рачно од кривичните регистри и се внесуваат во стандардни статистички обрасци на хартија. Откако ќе се пополнат обрасците, се испраќаат до следното повисоко ниво на

обвинителство (од Основното до Вишото јавно обвинителство, а оттаму до Државното јавно обвинителство) по пошта или се доставуваат рачно еднаш годишно. Не постојат пишани инструкции кои гарантираат дека во сите обвинителства доследно се изготвуваат и се собираат статистички податоци.

Освен овој внатрешен систем за собирање податоци, Државниот завод за статистика прима единечни записи од сите јавни обвинителства во земјата на месечна основа. Постои одредена загриженост за навременоста и целосноста на ваквото собирање статистички податоци.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 10. | За да се идентификуваат можностите за подобрување на ефикасноста важно е да се размисли како да се поедностават внесувањето на податоците и постапките за нивниот проток и да се отстранат двојните работни процедури. | Јавно обвинителство |
| 11. | Гледано среднорочно, универзалното воведување и користење на електронски систем за управување со предметите (CMS) би требало да доведе до значајни придобивки во ефикасноста и навременоста на достапноста на податоците. Може да се земе предвид физибилити студија за трошоците и барањата за воведување на ваков систем во сите обвинителства. Треба да се поведе грижа уште од самиот почеток во системот да се интегрира соодветна функционалност заради статистички цели. | Јавно обвинителство |
| 12. | За да се зголеми доследноста потребно е да се разработат и да се поделат пишани инструкции за евидентирање на податоците и правилата за броење во форма на јасни инструкции или административни налози до сите единици за евидентирање податоци. Треба да се промовира унифицирана примена на овие инструкции во обвинителствата преку обезбедување обуки и наставни материјали. | Јавно обвинителство |
| 13. | Потребно е да се ревидира постојниот систем за проток на податоци од секое обвинителство до Државниот завод за статистика за да се обезбеди целосна покриеност на сите обвинителства и да се подобри навременоста на преносот на податоци. | Јавно обвинителство |

### 2.2.4. Излезен резултат (изработка на статистика)

Во однос на внатрешното собирање податоци на Јавното обвинителство, не се врши верифицирање на пристигнатите податоци од претходното ниво поради природата на пристигнатите податоци (во збирни табели). Се врши само основна анализа на податоците заради планирање на работниот обем во секое обвинителство. Се води статистика само за внатрешни цели и таа сé уште не се објавува.

Во однос на собирањето податоци од страна на Државниот завод за статистика, откако Заводот ќе ги прими статистичките обрасци се вршат стандардни статистички проверки. ДЗС не врши конкретна анализа на пристигнатите податоци и најчесто во неговите публикации за кривично право се вклучени само апсолутни бројки. Главниот излезен резултат во овој поглед е годишната публикација *Извршители на кривични дела,* што вклучува селекција од собраните податоци и е достапна бесплатно на веб-страницата на ДЗС на македонски и англиски јазик.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 14. | За да се обезбеди висок квалитет на евидентираните и собрани податоци од обвинителствата од целата земја, може да се земе предвид воспоставување на внатрешен механизам за верифицирање на податоци. | Јавно обвинителство |
| 15. | Може да се земе предвид систематско известување за статистиката на обвинителствата во форма на табели на веб-страницата на Јавното обвинителство. | Јавно обвинителство |
| 16. | Потребно е да се посвети внимание на поцелосно искористување на богатството од податоци собрани од обвинителствата. Поконкретно, Јавното обвинителство и ДЗС може да размислат за партнерство со научните кругови и истражувачите со цел да промовираат длабинска анализа на достапните податоци заради зголемување на базата на знаење за креаторите на политиката и практичарите на кривичното право. | Јавно обвинителство |

## 2.3. Судска статистика

### 2.3.1. Вовед

Следниве насоки се однесуваат главно на судските податоци.

### 2.3.2. Влез на податоци (евидентирање на кривични дела)

Судските регистри во судовите евидентираат детаљни информации за обвинението или обвиненијата припишани на секое лице според релевантните делови/членови од Кривичниот законик, како и за судскиот процес и конечната судска одлука.

На локално ниво, откако пријавата на обвинителот со обвинението ќе пристигне во суд, рачно се евидентира како предмет во судскиот регистар на хартија. По евидентирањето, на предметот му се доделува единствен идентификационен број кој не им се кажува на другите актери во кривичното право (полицијата и обвинителството).

Од јануари 2010 година, сите судови исто така ги евидентираат сите предмети во автоматски информатички систем за управување со судски предмети (ACCMIS) којшто на крајот ќе ги замени сите хартиени со електронски досиеја.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 17. | Методологијата на евидентирање на судовите треба да се ревидира за да се гарантира дека во судските регистри се регистрираат детаљни податоци за жртвите и за судените лица. Личните досиеја за обвинетите исто така треба да содржат детали за државјанството, односот престапник-жртва и за географската област на престој. | Министерство за правда/ Оддел за статистика |
| 18. | Воведувањето на ACCMIS-системот во сите судови треба да се искористи како можност за проучување на функционалноста на он-лајн системот за автоматска изработка на статистика за случаи и лица и за интегрирање на соодветните статистички функционалности од претходниот систем. | Министерство за правда/ Оддел за статистика |
| 19. | Гледано среднорочно, евидентирањето на сите информации во врска со предметот во ACCMIS-системот треба да се прошири на обвинителствата. Со користење на единствениот идентификационен број, ова проширување може да овозможи поврзување на личните досиеја низ целиот систем на кривично право. | Министерство за правда/ Оддел за статистика Јавно обвинителство |
| 20. | Долгорочно, во согласност со добрата практика опишана во Прирачникот на Обединетите нации за развивање систем за статистика на кривичното право, може да се земе предвид воведување на интегриран број на досие (ИБД) за лоцирање на лицата и случаите низ целиот систем на кривично право. Според препораките бр.2 и бр.9, и имајќи го предвид спроведувањето на Препораката бр.19, Министерството за правда може да го разгледа воведувањето на ИБД преку своето учество во работата на трипартитната комисија со експерти од полицијата, обвинителството и судските системи. | Влада на ПЈРМ Министерство за правда/ Оддел за статистика Судови Јавно обвинителство Полиција |

### 2.3.3. Проток на податоци

Секој суд рачно составува стандардни табели кои се испраќаат на хартија и по електронска пошта до Одделот за статистика при Министерството за правда секој месец. Табелите главно содржат информации за функционирањето на судството. Податоците се класифицирани по вид на случај и по одреден судија, но не содржат пресек според вид на престап. Од крајот на февруари 2010 година, овие статистички табели се изготвуваат автоматски и се поднесуваат електронски со користење на автоматскиот ACCMIS-систем.

Освен тоа, сите судови кои постапуваат како првостепени судови испраќаат податоци за конечните одлуки до Државниот завод за статистика во моментот кога службено ќе се заврши кривичната постапка (вклучително и апелационото ниво). Овие записи се испраќаат во стандардни обрасци како записи за поединечни случаи за судени лица во суд и ги наведуваат деталите за лицето и престапите според членот и ставот од Кривичниот законик.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 21. | За да се овозможи понатамошно мерење на реакцијата на системот за кривично право, потребно е да се вклучат личните детали и поделбите според типот на престапот за обвинетите лица, како и за жртвите на кривичните дела во збирната статистика која се изготвува од Министерството за правда од ACCMIS-системот. | Министерство за правда<br>Оддел за статистика |
| 22. | За да се гарантира постојано висок квалитет на судската статистика, потребно е да се обезбедат доволно ресурси за Одделот за статистика при Министерството за правда вклучително и достапност на персонал, опрема, и статистички и аналитички софтвер. | Министерство за правда |

### 2.3.4. Излезен резултат (изработка на статистика)

Збирните табели добиени од сите судови се проверуваат за усогласеност и технички грешки од страна на Одделот за статистика при Министерството за правда. Секторот за судство при МП спроведува ограничена анализа на податоци. Податоците главно се анализираат за да се оцени ефикасноста на судовите и на поединечните судии преку пресметување на проценти и стапки на промена заради следење на варијациите од година во година. Некои судови објавуваат статистички табели со податоци за работата на судовите на своите веб-страници, но не постои достапна општа публикација со сите статистички податоци заедно.

Примените податоци во единечни записи се проверуваат од Државниот завод за статистика за целосност и (логични) недоследности. ДЗС не врши конкретна анализа на примените податоци и најчесто известува во апсолутни бројки. Многу детаљни податоци, со поделба по вид на кривично дело се издаваат во годишната публикација *Извршители на кривични дела* достапна на македонски и англиски јазик.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 23. | Потребно е да се земе предвид систематско известување за судските статистички податоци во форма на табели во Годишниот извештај на Министерството за правда. Заради олеснување на ширењето, може да се земе предвид објавување на веб-страницата на МП на македонски и англиски јазик. | Министерство за правда |
| 24. | Може да се посвети внимание и на поцелосно искористување на богатството од податоци собрани од судовите. Поконкретно, Министерството за правда и ДЗС може да размислат за партнерство со научните кругови и истражувачите со цел да промовираат длабинска анализа на достапните податоци за зголемување на базата на знаење за креаторите на политиката и практичарите на кривичното право. | Министерство за правда<br>Државен завод за статистика |
| 25. | Среднорочно, системот ACCMIS треба да вклучи статистички модул што има капацитет да собира и да анализира податоци за случаи и лица поделени по вид на кривични дела и донесена одлука. Овој систем треба | Министерство за правда |

| | | |
|---|---|---|
| | да може да изработува статистички извештаи за лица изведени пред суд и осудени лица, според кривично дело и карактеристики на престапникот. | |

## 2.4. Статистика за перење пари

Субјектите за известување користат стандардни обрасци за известување на информации до Единицата за финансиско разузнавање (ЕФР). Обрасците на извештаи за готовински трансакции (CTR) и извештаи за поврзани готовински трансакции (CCTR) се поднесуваат електронски додека за извештаи за сомнителна трансакција (STR) системот на пренос во моментов сеуште е делумно рачен делумно електронски; сепак, се очекува дека, почнувајќи со STR-преносот од банките, во блиска иднина преносот на сите податоци целосно ќе се одвива електронски. Освен тоа, ЕФР исто така прима одредени податоци од кривичното право за кривични постапки во случаи против перење пари испратени доброволно од Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција и општото Јавно обвинителство. Овие податоци содржат само малку детали за профилот на престапниците. Избрани статистички податоци за нивните активности се објавуваат во Годишниот извештај на веб-страницата на ЕФР.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 26. | Среднорочно, автоматскиот систем за внесување на CTR и CCTR треба да се прошири за да ги покрие и сите STR во сите субјекти на известување. Овој процес може да биде потпомогнат преку спроведување на физибилити студија за да се утврди кои субјекти за известување веќе ги исполнуваат техничките услови и каква техничка помош им е потребна на оние кои не ги исполнуваат тие услови. | ЕФР<br>Сите потребни субјекти за известување |
| 27. | Потребно е да се воспостави редовна меѓуагенциска размена на информации помеѓу ЕФР, Јавниот Обвинител и Министерството за правда, по можност преку писмени правила кои ја регулираат таквата размена за да се даде сеопфатен преглед на судските резултати од нивните активности. Потребно е, исто така, да се воспостават релевантни договори со агенциите одговорни за собирање на податоците кои не се од кривичното право а се поврзани со перење пари заради идно известување на ниво на ЕУ, имајќи ги особено предвид деветте индикатори за перење пари објавени од Еуростат во 2010 година. | ЕФР<br>Јавно обвинителство<br>Јавно обвинителство за организиран криминал и корупција<br>Министерство за правда |
| 28. | Потребно е редовно пренесување на релевантните податоци до ЕФР вклучително и бројот на случаи покренати од агенциите за спроведување на законот врз основа на STR испратени од ЕФР, бројот на случаи изнесени пред обвинителството, како и личните податоци за бројот на лицата/правните субјекти осудени за кривично дело на перење пари и бројот на изречени пресуди по вид. | ЕФР<br>Јавно обвинителство<br>Министерство за правда |
| 29. | Статистиката за судските постапки поврзани со | ЕФР |

| | | |
|---|---|---|
| | активности против перење пари треба да претставува суштински дел од Годишниот извештај на ЕФР. | Јавно обвинителство<br>Министерство за правда |

## 2.5. Статистика за трговија со луѓе

Статистичките податоци за трговија со луѓе се собираат од страна на Единицата трговија со луѓе и мигрант (ТЛ) при Одделот за организиран криминал на Министерството за внатрешни работи. Внесувањето на податоците за престапи, осомничени и жртви е дел од редовното полициско собирање на податоци. Освен редовното внесување и проток на податоци од кривичната статистика евидентирана од полицијата, постојат две посебни бази на податоци, поставени како резултат на проект од Меѓународниот центар за развој на миграциска политика (ICMPD), една за трговците со луѓе и една за жртвите на трговија.

Податоците за трговијата со луѓе се изнесуваат во годишен извештај за националната комисија за ТЛ. Овој извештај е достапен само на македонски јазик и не е објавен.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 30. | Добра практика е назначените Национални координатори за трговија со луѓе да подготват Годишен извештај на локалниот јазик и на англиски јазик кој ќе биде достапен на заинтересираната јавност за преземање од интернет. Во согласност со развивањето индикатори за ТЛ на ниво на ЕУ, се препорачува објавување на ваков извештај со податоци за лица во однос на бројот на идентификувани жртви и осомничени трговци, како и во однос на бројот на обвинети и осудени лица со соодветна класификација (по пол, возраст, државјанство, земја на раѓање, вид на експлоатација, итн). | Министерство за внатрешни работи<br>Канцеларија за ТЛ |

## 2.6. Статистика за кривични дела кои вклучуваат расизам и ксенофобија

Кривичните дела кои вклучуваат расизам и ксенофобија и другите кривични дела на омраза се опфатени во неколку одредби од Кривичниот законик и се сметаат за престапи согласно со тие членови. Сепак, не постои редовна статистика која се собира за кривични дела кои вклучуваат расистички, ксенофобични или други мотиви на омраза.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 31. | Во поглед на предвидените обврски за идно известување кон Агенцијата за основни човекови права при ЕУ, за кривични дела кои вклучуваат расизам и ксенофобија и други кривични дела на омраза, потребно е да се | Влада на ПЈРМ<br>Народен правобранител за човекови |

| | | |
|---|---|---|
| | назначи соодветна институција (како што е Народниот правобранител за човекови права или Министерството за правда) како фокусна точка за собирање на статистика за кривични дела мотивирани од расизам, ксенофобија или друга омраза. | права |
| 32. | За да се утврдат појдовните податоци, назначената институција треба да спроведе пилот-собирање на податоци за кривични дела мотивирани од омраза, евидентирани во полицијата, обвинителството и судските податоци. | Влада на ПЈРМ<br>Народен правобранител за човекови права |

# 3. Меѓународно известување на податоци за кривични дела и кривично право

Како земја-кандидатка за ЕУ, ПЈРМ е дел од напорите за собирање податоци од Еуростат во областа на кривичните дела и кривичното право од 2007 година. Врз основа на сегашните системи за собирање на податоци, полициски податоци од сите седум барани видови кривични дела редовно се доставуваат до Еуростат. Иако известувањето на податоци и мета-податоци до Еуростат е сеопфатно, категориите на кривични дела известени до Еуростат секогаш не одговараат целосно на предложените категории на кривични дела.

ПЈРМ достави сеопфатни податоци за кривични дела и кривично право за деветтото и десетто Истражување на  Обединетите нации за криминалните трендови и работењето на системите за кривично право (ОН-ЦТС), за годините од 2003 до 2006. Не се доставени податоци за единаесеттото УН-ЦТС за годините 2007-2008.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 33. | Потребно е да се преземе сеопфатен правен и криминолошки преглед за да се документира степенот на усогласеност помеѓу категориите на кривични прекршоци кои ги користи полицијата и категориите на собирање податоци што ги користат Еуростат и ОН. Какви било разлики треба добро да се документираат во мета-податоците и да се дадат објаснувања. | Полиција<br>Државен завод за статистика<br>Еуростат |
| 34. | Потребно е да се размисли за назначување на единствена контакт-точка за известување на сите податоци за кривични дела и кривично право на национално, регионално и меѓународно ниво. Оваа единствена контакт-точка може да биде истата фокусна точка за собирање податоци на Еуростат. | Влада на ПЈРМ<br>Полиција<br>Обвинителство<br>Судови<br>ДЗС |
| 35. | Фокусната точка на Еуростат за кривични податоци во Државниот завод за статистика треба да работи во тесна врска со Одделот за статистика при Министерството за внатрешни работи и Еуростат за да развијат протокол за редовно собирање и известување на податоци за кривични дела и кривично право до Еуростат и ОН. Протоколот треба да ја наведе природата и содржината на податоците за кои известува. | Министерство за внатрешни работи/<br>Оддел за статистика<br>ДЗС<br>Еуростат<br>УНОДЦ |

# 4. Статистика за миграција

### 4.1.1.1. Вовед

Следниве насоки се однесуваат главно на податоците за миграција.

### 4.1.1.2. Податоци за број и проток на имигранти и емигранти

Записи за регистрирации на привремено или постојано место на престој најпрвин се добиваат преку регистрација на лицето во организационата единица на Министерството за Внатрешни Работи при Регионалните Центри за Гранични Работи или/и во полициска станица. Овие записи за регистрација се внесуваат во централниот регистар на население како единечни записи за лицата на локално ниво и може директно да се користат за статистички анализи. Иако обемот на податоци за легална миграција подготвени од ДЗС е импресивен, постои голема веројатност дека почитувањето на дерегистрацијата е ниско за меѓународни емигранти и дека како последица, објавената статистика јасно известува помалку отколку што реално е надворешната емиграција (ова дури и повеке се однесува на државјани на државата отколку на странци). Обврската на Одделот за Странци е само да го запише статусот на странецот во дата базата на Министерството ѕа Внатрешни Работи односно да го пасивизира во случај да странецот престојува надвор од државата повеке од 12 месеци.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 36. | Централниот регистар за население треба редовно да се ажурира за да се осигури дека државјаните и странците кои ја напуштиле земјата за да се населат на ново место на редовен престој (за повеќе од 12 месеци) во странство се сметаат за меѓународни емигранти. | Државен завод за статистика Министерство за внатрешни работи |
| 37. | Како прв чекор, и за да се создадат појдовни детаљни записи, работна група составена од претставници на Државниот завод за статистика и Министерството за внатрешни работи треба да процени дали следниот попис на население може да се искористи за ажурирање на регистарот на население и за отстранување од регистарот на население на сите лица кои се сметаат за меѓународни емигранти.[6] | Државен завод за статистика Министерство за внатрешни работи |

### 4.1.1.3. Податоци за дозвола за престој

Странците кои сакаат да престојуваат во ПЈРМ над три месеци мора да се пријават за прва дозвола за привремен престој, што подоцна може да се продолжи или да се промени во дозвола за постојан престој. Врз основа на обрасците за пријавување, се подготвуваат статистички податоци за дозволи за престој на неделна основа од Секторот за странци и реадмисија при МВР. Овие

[6] За дефиниции и препораки во однос на спроведување на пописот види UNECE (2006): Conference of European Statisticians Recommendations for the 2010 Censuses of Population and Housing- достапно на : http://unstats.un.org/unsd/censuskb/article.aspx?id=10219

статистички податоци се користат само за внатрешно известување и не се објавуваат.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| | | |
| 38 | Потребно е да се размисли за објавување на годишни податоци за дозволи за престој на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи со детаљна класификација на податоците за број и проток вклучително според државјанство, вид на дозвола и траење. | Министерство за внатрешни работи |

#### 4.1.1.4. Ажурирање на записи и регистри

Одреден проблем со базата на податоци за дозволи за престој во ПЈРМ е тоа што записите не се ажурираат систематски кога странецот ја напушта земјата.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 38. | Потребно е да се проценат одржливоста и трошоците за развивање на систем за редовно ажурирање на базата на податоци за дозволи за престој со информации од други административни записи и бази на податоци (вклучително и податоци за добивање државјанство) | Министерство за внатрешни работи/ Единица за статус на странци |

#### 4.1.1.5. Податоци за превенција на илегална миграција

Детаљни записи за лицата регистрирани за илегално гранично преминување, на официјални гранични премини и надвор од нив, се чуваат од Граничната полиција (Сектор за гранични работи и миграции) при Министерството за внатрешни работи. Освен тоа, се евидентираат податоци за лица на кои им е одбиен влез, лица кои се откриени при нелегален престој во земјата и лица вратени од земјата.

Од овие записи, се подготвуваат редовни статистички извештаи за превенција на илегалната миграција, но се чуваат главно за внатрешни цели.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 39. | Податоците за одбиен влез на граница треба да се изнесуваат класифицирани по возраст и пол. | Министерство за внатрешни работи |
| 40. | Податоците за илегален влез и илегален престој треба да се изнесуваат класифицирани по возраст, пол, државјанство, основ за апсење и место на апсење. | Министерство за внатрешни работи |
| 41. | Податоците за отстранување на странци од земјата треба да се поделат на број на лица на кои им е издаден налог да ја напуштат територијата и број на лица кои | Министерство за внатрешни работи |

| | | |
|---|---|---|
| | всушност ја напуштиле територијата следејќи го налогот за напуштање и обете класифицирани по возраст, пол, државјанство и причина за налогот. | |

#### 4.1.1.6. Податоци за потпомогната илегална миграција

Податоците за криумчари на мигранти (потпомагачи) најпрвин се регистрираат од граничната полиција (регионалните центри). Податоците за потпомогната илегална миграција исто така се чуваат во базата на податоци за трговци со луѓе при Канцеларијата за трговија со луѓе (ТЛ) и Секторот за криумчарење мигранти и организиран криминал при Министерство за внатрешни работи.

Податоците за криумчарени мигранти конкретно се собираат во единечни обрасци за евиденција со детаљни информации за криумчарените мигранти. Овие податоци се вклучени во годишниот извештај на Националната комисија за борба против илегална миграција и трговија, како и во годишната владина публикација „Миграционен Профил на Македонија“.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 42. | Со цел да се доставуваат усогласени податоци до базата на податоци CIREFI, потребно е да се соберат податоци за бројот на уапсени потпомагачи (криумчари на мигранти) и истите да бидат составени според државјанство, заедно со податоци за бројот на уапсени потпомогнати странци (прокриумчарени мигранти) според државјанство и вид на граничен влез (копно, море или воздух) во една централна институција. | Министерство за внатрешни работи |

# 5. Статистика за азил

#### 5.1.1.1. Вовед

Следниве насоки главно се однесуваат на податоците за азил.

#### 5.1.1.2. Внесување податоци

Детаљните записи на пријавите за азил и одлуките се чуваат во Одделението за азил при Одделот за граѓански работи под Централните полициски служби во рамките на Министерство за внатрешни работи. Развојот на новата дата база за апликациии на азил е во процес.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 43. | Актуелниот систем за евидентирање би требало да се ревидира во однос на актуелните барања од ЕУ за собирање на статистички податоци за азил. По инсталирањето на нова дата база треба да се спроведе тест-мерење на податоците за бројот и протокот на азиланти кое се бара со Регулативата (ЕЗ) бр.862/2008 со цел да се утврди дали постапките за | Министерство за внатрешни работи/Одделение за азил |

| | | |
|---|---|---|
| | внесување податоци се со можност за постојан мониторинг согласно со Регулативата 862/2008. | |

#### 5.1.1.3. Податоци за број и проток

Врз основа на заведените податоци за пријави и одлуки за азил, се подготвуваат збирни статистики за бројот на странци кои бараат азил, распределени по државјанство, возраст (полнолетни/малолетни), пол, семеен статус (број на семејства/не во брак/непридружувани малолетници) и за лицата на кои им е доделен или одбиен азил.

Не е јасно дали збирните статистики за пријави за азил се однесуваат на првични пријави или на првични и повторливи пријави од истите баратели на азил.

Статистиките за азил не се широко распространети. Повеќето статистики за пријави и одлуки за азил се споделуваат само внатрешно, во рамките на МВР. Не постои редовно објавување на податоци за азил, но некои податоци се достапни на барање за заинтересираните страни.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 44. | Потребно е да се размисли за редовно известување за податоците за азил на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи, на македонски и англиски јазик во сагласност со членот 68 од Законот за Азил. Објавените статистики треба да ги вклучуваат сите податоци кои се наведени во Регулативата (ЕЗ) бр.862/2008, особено бројот на лица кои за првпат поднесуваат пријави како и повторени пријави (по пол, возраст и државјанство) како и бројот на лица со отворени пријави за азил на крајот од годината (по пол, возраст и државјанство). | Министерство за внатрешни работи/Одделение за азил |

# 6. Статистика за визи

#### 6.1.1.1. Институции одговорни за собирање и управување на податоци

Следниов збир од насоки се однесува главно на визните податоци.

#### 6.1.1.2. Внесување и излез на податоци

Визниот центар во Министерство за надворешни работи (МНР) управува со електронска база на податоци за пријави за визи (Н-ВИС систем). Странците кои бараат виза за влез во Поранешна Југословенска Република Македонија мора да пополнат стандардна пријава за виза во една од ДМЦП во странство. Личните податоци кои се даваат во оваа пријава се внесуваат во Н-ВИС, заедно со одлуката за пријавата.

Збирните статистики за издадени и одбиени визи се вадат од системот и рачно се пренесуваат во Ексел табели, кои по пошта се испраќаат до МВР. Тие се чуваат единствено за внатрешна употреба и не се објавуваат.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 45. | Следниве индикатори за визи треба да бидат разгледани за редовна подготовка и објавување на веб-страницата на Министерството за внатрешни и Министерството за надворешни работи:<br>• број на лица со важечки визи (по државјанство, вид и траење на визата)<br>• број на пријави за визи (по државјанство и земја на пријава) на годишно ниво<br>• број на одобрени визи (по државјанство, земја на пријава, вид и траење на визата) на годишно ниво<br>• број на одбиени визи (по државјанство, земја на пријава, вид и траење на визата и причини за одбивање). | Министерство за внатрешни работи<br>Министерство за надворешни работи |

# 7. Истражувања за малтретирање

Следниов збир на насоки се однесува на кривичните податоци врз основа на истражување.

#### 7.1.1.1. Улога на истражувањата за кривично малтретирање

Последната фаза од Меѓународното истражување за кривично малтретирање беше спроведена во ПЈРМ во 1996 година. Државниот завод за статистика сеуште нема спроведено истражување за кривично малтретирање.

| | Препораки | Надлежна институција |
|---|---|---|
| 46. | Потребно е да се одржат разговори за изводливоста на спроведување на целосно национално истражување за кривично малтретирање во ПЈРМ. Потребно е да се истражат можности за финансирање и спроведување на ваквото истражување. | Државен завод за статистика<br>Министерство за внатрешни работи |

# 8. Потреби од обука кои имаат приоритет

Следниве насоки и препораки се сметаат за приоритет од страна на

……………………………………………………………… (внесете од која институција сте)

за понатамошно развивање статистики во ПЈРМ и поради ова треба да бидат дел од активностите за обука во рамките на проектот „Развивање инструменти за следење на судските и институциите за спроведување на законот во Западниот Балкан" :

(ве молиме означете ги полињата и внесете конкретни препораки под „Забелешки" подолу)

| | **Треба да се даде приоритет:** | | | **Може да се спроведе во:** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Препораки дадени согласно со: | Висок | Среден | Низок | Краток рок | Среден рок | Долг рок |
| **Полициска статистика** | | | | | | |
| 2.1.2. Внесување податоци | | | | | | |
| 2.1.3. Проток на податоци | | | | | | |
| 2.1.4. Излез на податоци | | | | | | |
| **Статистика од обвинителство** | | | | | | |
| 2.2.2. Внесување податоци | | | | | | |
| 2.2.3. Проток на податоци | | | | | | |
| 2.2.4. Излез на податоци | | | | | | |
| **Судска статистика** | | | | | | |
| 2.3.2. Внесување податоци | | | | | | |
| 2.3.3. Проток на податоци | | | | | | |
| 2.3.4. Излез на податоци | | | | | | |
| **Посебни статистики** | | | | | | |
| 2.4. Статистика за перење пари | | | | | | |
| 2.5. Статистики за нелегална трговија со луѓе | | | | | | |
| 2.6. Статистика за кривични дела кои вклучуваат расизам и ксенофобија | | | | | | |
| **Известување на меѓународно ниво** | | | | | | |
| 3.1.1.1. Известување за податоци на европско ниво | | | | | | |
| 3.1.1.2. Известување за податоци на ниво на ОН | | | | | | |
| 3.1.2.1. Фокусна точка за статистика на кривични дела и кривично право | | | | | | |
| **Забелешки:** | | | | | | |

| | Треба да се даде приоритет: | | | Може да се спроведе во: | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Препораки дадени согласно со: | Висок | Среден | Низок | Краток рок | Среден рок | Долг рок |
| **Статистика за миграција** | | | | | | |
| 4.1.1.2. Податоци за број и проток на имигранти и емигранти | | | | | | |
| 4.1.1.3. Податоци за дозволи за престој | | | | | | |
| 4.1.1.4. Ажурирање на записи и регистри | | | | | | |
| 4.1.1.5. Податоци за превенција на илегална миграција | | | | | | |
| 4.1.1.6.Податоци за потпомогната илегална миграција | | | | | | |
| **Статистика за азил** | | | | | | |
| 5.1.1.2. Внесување податоци | | | | | | |
| 5.1.1.3. Податоци за број и проток | | | | | | |
| **Статистика за визи** | | | | | | |
| 6.1.1.2. Влез и излез на податоци | | | | | | |
| **Забелешки:** | | | | | | |